**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-146/2**

**Скопје, 26.01.2006 година**

**УПРАВА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Управата за телекомуникации, (во понатамошниот текст Управа), сметка за средства на буџетски корисници остварени од самофинансирачки активности за 2004 година, кои се прикажани на страните 13,14 и 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и издаден е извештај за финансиските извештаи на Управата за телекомуникации за 2003 година која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Коста Трпковски, ВД директор на Управата за телекомуникации за периодот на ревизија и директор на Агенцијата за електронски комуникации од 20.05.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 19.09. до 18.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Снежана Лулевска, Самостоен ревизор;
   - Бранко Темелкоски, Ревизор;
   - Наташа Ристовска, Ревизор;
   - Марина Величковска, ревизор за легислатива;
   - Зоран Ристовски, стручен советник за ИТ ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 29.12.2005 година примени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Управата за телекомуникации, за сметката за средства на буџетски корисници остварени од самофинансирачки активности за 2004 година, под бр. 02-1862/3 од 29.12.2005 година, од директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - забелешките кои се однесуваат на наодите во точка 10.1.7. и 10.2.5. се прифаќаат и наодите се бришат;
    - забелешката која се однесува на наодот во точка 10.3.2. делумно се прифаќа и наодот се корегира во точка 11.3.2;
    - забелешките кои се однесуваат на наодот во точка 10.5.2. ал. 1 делумно се прифатени за износ од 250 илјади денари и наодот се корегира и менува на износ од 1.379 илјади денари во точка 11.5.2 ал 1 во конечниот извештај;
    - забелешката која се однесува на наодот во точка 15 делумно се прифаќа и наодот се корегира во точка 16.
    - за останатите забелешки на наодите во точка 4 (страна 1), 10.1.2, 10.1.3, 10.1.4, 10.1.5, 10.1.6, 10.2.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.3.1, 10.3.3, 10.3.4, 10.3.5, 10.3.6, 10.3.7, 10.3.8, 10.3.9, 10.4.1, 10.4.2, 10.4.4, 10.5.1 ал 1, 2, 3, 5 и 6 и 10.5.2 ал 2 ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ како основ за нивно прифаќање поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Утврдена е неусогласеност, помеѓу Законот за телекомуникации и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, во однос на правото на располагање со остварениот приход од

надомест на технички преглед на радиостаници. Согласно Законот за телекомуникации овој приход се уплатува на сметка на Управата, а според Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи истиот претставува приход на Буџетот на РМ на уплатна сметка 840-6121. Ваквата состојба упатува на постоење на две сметки за еден ист вид приход што создава конфузија во надлежноста на субјектот за прибирање на овој приход.

11.1.2. Во периодот од донесувањето на измените на Законот за телекомуникации во јуни 2004 година до донесувањето на новиот Закон за електронски комуникации, Управата за телекомуникации не дала предлог до министерот за транспорт и врски за донесување на соодветен акт од страна на Владата (одлука за број на бодови) за пресметување и наплата на надоместок за технички преглед за радиостаници, спротивно на измените на Законот за телекомуникации. Резултатот од недонесувањето на ваква одлука е непресметување на надоместокот за технички преглед на радиостаници согласно новиот член 70 г од измените на Законот и неостварен приход на Буџетот на РМ.

11.1.3. Управата, до завршувањето на ревизијата, не презела активност и не дала предлог до министерот за транспорт и врски за донесување на прописи потребни за применување на Законот за телекомуникации, кои се однесуваат на пресметување и наплата на надоместок за надзор на кабелска радио-телевизиска мрежа (1 евро по кориснички приклучок). Имајќи го предвид фактот што Трговските радиодифузни друштва (во понатамошниот текст ТРД) како оператори на кабелски мрежи остваруваат приход од наплата на надоместок од крајните корисници и незаконски стекнуваат дел од приходот поради неплаќање на соодветен надоместок на државата, резултатот од недонесувањето на соодветен акт е неостварен приход на Буџетот на РМ, кој би изнесувал просечно годишно околу 2.340.000 еур.

11.1.4. Директорот на Управата за телекомуникации нема донесено решение за одредување на лице – одговорен сметководител спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На годишната пресметка е потпишан раководителот на секторот за материјално - финансиско работење во Управата за телекомуникации, без овластување од директорот. Ваквата состојба може да има за последица необезбедена одговорност за финансиските извештаи на Управата за 2004 година.

11.1.5. Директорот на Управата нема донесено решенија за одредување на лице – благајник, а благајничките работи во организационите единици на Управата во Скопје, Штип и Битола ги вршат лица кои се распоредени на работни места самостојни референти на кои во опис на работни задачи според Правилникот за систематизација не стои извршување на благајнички работи. Ваквата состојба може да има последица необезбедена одговорност и нестручност во располагањето со готовите парични средства.

11.1.6. За извршување на сметководствените работи Управата склучила договор со физичко лице за вршење на автоматска обработка на книговодствени податоци, без да обезбеди одговорност од соодветно стручно лице (овластена стручна организација) за внесувањето и искажувањето на податоците во деловните книги и финансиските извештаи, спротивно на


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што може да има за ефект нереално и необјективно искажување на истите.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Управата односно Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст Агенција) да го известат Министерството за финансии со цел усогласување на законските прописи во однос на приходот остварен од надомест на технички преглед.
2. За наодите во точка 2 и 3 ревизијата предлага во наредниот период Управата односно Агенцијата како независно регулаторно тело во областа на електронските комуникации да преземе активности во врска со донесувањето на соодветни законски прописи и акти за наплата на сите видови на надоместоци од корисниците на услуги.
3. Директорот на Управата односно Агенцијата да донесе решение за одредување на лице – одговорен сметководител согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
4. Директорот на Управата односно Агенцијата да донесе решенија за одредување на лица – благајници во Скопје, Штип и Битола со цел да се обезбеди стручност и одговорност во располагањето со готовите парични средства.
5. Директорот на Управата односно Агенцијата да го довери извршувањето на сметководствените работи, изготвувањето на годишните сметки и контрола и ликвидација на материјално финансиската документација на вработените лица во секторот за материјално финансиското работење согласно описот на работните задачи во Правилникот за систематизација на работните места.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници Управата за телекомуникации не ги води задолжителните помошни книги, и тоа:

- книга (попис) на капиталниот имот - опрема со соодветна аналитичка евиденција, по групи и видови на основни средства од која може да се утврди вкупната состојба изразена во натурални и вредносни показатели вклучувајќи ја и акумулираната амортизација. За набавената опрема нема задолжено лице за прием и издавање на опремата, ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите;
- книга за набавки на материјали и книга (попис) за инвентарот која ќе ја изрази вистинската состојба и прометот на набавките во соодветен пресметковен период. Набавките не се евидентираат преку соодветните сметки од сметковниот план (материјали, резервни делови, ситен инвентар и останат капитал, ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите;

Неводењето и несоодветното водење на аналитичка и материјална евиденција на материјалните средства и залихите придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција на Управата во одреден тековен или пресметковен период.

11.2.2. Управата нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Необезбедувањето на внатрешна

сметководствена контрола може да доведе до несовесно ракување и злоупотреба со средствата од страна на лицата вработени во Управата.

11.2.3. Поради непримението соодветно сметководствено начело на парично искажување утврдена е неусогласеност помеѓу паричните средства во Билансот на состојба на ден 31 Декември 2004 година и делот од вишокот на приходите за пренос во наредната година за износ од 8.551 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Истото има за последица нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во Билансот на состојбата, како и на резултатот од финансиските трансакции во 2004 година.

11.2.4. Сметководствената евиденција за побарувањата во странска валута (евра) по основ на надоместокот за концесија за вршење на радиодифузна дејност од ТРД не се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што е утврдено преку направени сметководствени грешки и поради неизвршено сведување на среден девизен курс на 31.12.2004 година, што доведува до нереални и необјективно искажани побарувања по наведениот основ во странска валута и во денарска противредност на 31.12.2004 година.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Управата односно Агенцијата да ги воведат задолжителните и други помошни книги (аналитичка евиденција) на сметките за материјални средства, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како и да воведат евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите.
2. Директорот на Управата односно Агенцијата да обезбеди внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
3. При книжењето на деловните промени да се применува принципот на буџетското сметководствено начело на парично искажување.
4. Во деловните книги да се воведе девизно сметководство за побарувањата во странска валута при што истите да се сведуваат на среден девизен курс на НБМ под 31 декември.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.3.1. Спротивно на одредбите од Законот за телекомуникации, вишокот на средства за 2004 година во износ од 41.920 илјади денари, остварени по покривањето на трошоците за работењето на Управата за телекомуникации и плаќањето на данокот од добивка, не се вложени во Буџетот на РМ на уплатна сметка 840-6116 – приходи од органите на управа што резултира во намален очекуван приход во Буџетот на РМ.

11.3.2. Во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи за 2004 година не е книжен приход за извршените уплати од купувачите кои произлегуваат од нефактурирани услуги како и дел од курсни разлики за уплати со обврзници во вкупен износ од 342 илјади денари, поради неспроведени соодветни книжења, што е спротивно на Законот за

сметководство на буџетите и буџетските корисници, а кое има за ефект помал искажан остварен вишок на приходи - добивка во износ од 291 илјади денари и помалку платен данок од добивка во износ од 51 илјади денари.

11.3.3. По доставените извештаи (евиденции) од концесионерите АД Македонски телекомуникации, АД Мобимак и АД Космофон за 2003 година (рок од 45 дена по истекот на годината –15.02.2004 година) Управата не извршила прегледување на истите преку формирање на работна група и изготвување на извештај со дадено мислење до директорот. Во случај на негативно мислење Управата е должна да донесе одлука за задолжување на концесионерот кој не ги постигнал целите определени во договорот за концесија преку издавање на фактура за плаќање на пенали и поднесување на тужба во случај на ненавремено плаќање односно преземање на мерки за наплата на побарувањето. Исто така, ревизијата констатира дека иако е дадено негативно мислење за извештајот од АД Македонски Телекомуникации за 2002 година, Управата за телекомуникации не изготвила фактура или решение за задолжување на субјектот спротивно на одредбите од договорот за концесија и Законот за телекомуникации, а за сеуште ненаплатеното побарување по основ на пенали од 2003 година од АД Космофон во износ од 500 илјади денари нема поднесено тужба до надлежен орган спротивно на Законот за облигациони односи. Ваквиот начин на работење резултира во намален приход во име на државата за чија наплата и одговорност е задолжена Управата како државен орган.

11.3.4. Спротивно на измените во Законот за телекомуникации, Управата во периодот од 22 јуни 2004 година неосновано пресметувала и наплатувала надоместок за технички преглед за радиостаници поради укинување на законските одредби со кои бил регулиран ваквиот надоместок, при што неосновано остварила приход во износ од 3.286 илјади денари.

11.3.5. Управата неосновано пресметала и наплатила приход во 2004 година во износ од 105 илјади денари по издадени авансни фактури за повеќе субјекти по основ на годишен надоместок за користење на радиофреквенции за 2003 година пресметан според Правилникот за висината на надоместокот за користење на радиофреквенции, кој е укинат со Одлука на Уставен суд во ноември 2002 година.

11.3.6. Во 2005 година сторнирани се побарувања по фактури за АД Мобимак, АД Космофон и АД Македонски Телекомуникации, евидентирани во сметководствената евиденција за 2004 година и изготвени се нови фактури за годишен надоместок за користење на радиофреквенции за истата година, од 20.06.2005 година, при што во пресметките за АД Мобимак и АД Космофон применети се новите намалени бодови дадени во измените на Одлуката за бројот на бодови за радиофреквенции, со важност од 8 јуни 2005 година. Одлуката нема ретроактивно дејство и не може да се применува за пресметка на годишен надоместок за 2004 година. Новите фактури за АД Мобимак и АД Космофон изнесуваат поединечно по 62.781 илјади денари односно вкупно 125.562 илјади денари наместо по 138.326 илјади денари односно вкупно 276.652 илјади денари. Разликата помеѓу овие две пресметки и фактури изнесува 151.090 илјади денари што претставува неосновано помалку пресметан и наплатен приход на државата за 2004 година. Наплатата на побарувањата по намалените пресметки е извршена во 2005 година, и тоа дел на сметката на Агенцијата

за електронски комуникации во Тутунска банка АД Скопје и дел на трезорската сметка на Управата за телекомуникации.

Издавањето на нова фактура во 2005 година на АД Македонски Телекомуникации за користење на радиофреквенции за 2004 година, без постоење на законски основ или причина за префактурирање, доведува до ослободување од обврска за камата за период од 20.11.2004 до 08.07.2005 година, на долг од 10.957 илјади денари, а со тоа и неостварување на приход од камата во износ од 1.239 илјади денари во Буџетот на РМ.

11.3.7. Управата не пресметала годишен надоместок за користење на радиофреквенции за комерцијалните радиостаници кои вршат радиодифузна дејност за 2004 година, спротивно на чл 7 од Одлуката за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, а во врска со член 70 а од измените на Законот за телекомуникациите. Со непресметувањето на приходот по наведениот основ Управата неосновано го намалила очекуваниот прилив на средства во Буџетот на РМ за кој како државна институција била должна да го пресмета и наплати од корисниците.

11.3.8. Управата не пресметала годишен надоместок за користење на радиофреквенции за линковска врска на трговските радиодифузни друштва кои вршат радиодифузна дејност за 2004 година, спротивно на чл 5 г) од Одлуката за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, а во врска со член 70 а од измените на Законот за телекомуникациите, објавен во Сл весник 73/2004 година. Со непресметувањето на приходот по наведениот основ Управата неосновано го намалила очекуваниот прилив на средства во Буџетот на РМ за кој како државна институција била должна да го пресмета и наплати од корисниците.

11.3.9. Управата не извршила проверка и не утврдила кои концесионери – оператори на кабелска мрежа користат линковска врска во кабловската мрежа поради што и не пресметала надоместок за радиофреквенции во ваквите случаи, спротивно на измените на Законот за телекомуникации и Одлуката за бројот на бодови за радиофреквенции. Ревизијата утврди дека не е извршена измена на договорите со задолжување на операторите за ваков надоместок согласно измените на Законот. На овој начин остварен е помал приход на државата од очекуваниот и предвидениот согласно Законот за телекомуникации, а од друга страна овозможено е неосновано стекнување на поголем приход на кабелските оператори.

**Препораки и мерки:**

1. Со донесувањето на новиот Закон за електронски комуникации во 2005 година наодот во точката 11.3.1. се регулира, поради што ревизијата не дава препорака по истиот.
2. Одговорните лица во секторот за материјално - финансиско работење врз основа на документацијата да ги преиспитаат сите случаи на претплати од купувачи поединечно со цел да се утврди дали Управата има обврска да ги врати паричните средства на субјектите доколку се работи за погрешна уплата или треба да издаде фактура за задолжување и затварање на уплатените средства за извршена услуга на субјектите.
3. Надлежните органи на Управата, односно Агенцијата да формираат работна група која ќе утврди дали концесионерите ги исполниле обврските за 2003 и

2004 година во однос на исполнување на развојните цели и целите на квалитет на услугата во прилог А и Б согласно договорот за концесија со изготвување на извештаи од работната група за трите концесионера со дадено мислење (позитивно или негативно). Врз основа на мислењето директорот на Управата да донесе одлука и во случај на негативно мислење да му наложи на концесионерот да плати пенал во износ предвиден со договорот и да преземе мерки за наплата на побарувањата во случај на ненавремено измирување од концесионерите. Во случајот со извештајот на АД Македонски Телекомуникации за 2002 година, да се задолжи субјектот со соодветен документ, како и да преземе мерки за наплата на побарувањето од АД Космофон.

4. За наодите во точка 4 и 5 ревизијата предлага Управата односно Агенцијата да ги врати неосновано наплатените средства од надоместок за технички преглед за радиостаници и од радиофреквенции на субјектите од кои е наплатен или истите да ги пребие со наредните побарувања.
5. За наодите во точка 7 и 8 ревизијата предлага да се изврши задолжување на корисниците за наведените надоместоци и да се изврши наплата на истите.
6. Управата односно Агенцијата да изврши проверка и да утврди кои концесионери – оператори на кабелска мрежа користат линковска врска во кабловската мрежа за да пресмета и ги задолжи истите за надоместок за радиофреквенции во ваквите случаи.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:**

11.4.1. Ревизијата примени алтернативна метода на усогласување на побарувањата со должниците по пат на конфирмации при што од вкупно испратените конфирмации во вкупна книговодствена вредност од 309.083 илјади денари (94,47%) примени се одговори во вредност од 141.176 илјади денари од кои потврдена е вредност од 826 илјади денари, а остатокот од 140.350 илјади денари е непотврдена вредност. Процентот на покриеност на книговодствената вредност изнесува 0,25% поради што ревизијата не можеше да ја потврди вистинската состојба на побарувањата на 31.12.2004 година што влијае на објективноста и реалноста на искажаната позиција во Билансот на состојба за 2004 година.

11.4.2. Во 2001 година Управата извршила исплата на средства во износ од 50.000 илјади денари на сметка на Експорт Импорт банка, спротивно на Законот за буџетите, а врз основа на писмо од министерот за транспорт и врски и договор за наменски орочен депозит склучен помеѓу министерството и банката, без да се вклучи Управата во регулирање на правата и обврските произлезени извршената финансиска трансакција. Во договорот за наменски орочен депозит, средствата биле орочени наменски за финансирање на Оригинал Индиго ДОО Штип, без камата. Во сметководствената евиденција на Управата не се евидентирани побарувања по наведениот основ, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, што има за ефект нереална слика на побарувањата на Управата и ненавремено преземање на мерки за наплата на приход на Буџетот на РМ.
По воведување на принудна управа во Експорт Импорт банка Скопје од 08.01.2003 година, според решението од Основниот суд Скопје 1, на Министерството за транспорт и врски му се признаваат побарувања во кој се вклучени и исплатените средства од Управата во износ од 24.740 илјади денари, а остатокот е оспорен.

11.4.3. Владата на РМ, спротивно на Законот за концесии, врз основа на Извадок од нацрт записник на седница на Влада на 25.12.2001 година и

одлуки за доделување на концесии, извршила распределба на надоместокот за концесија за вршење на радиодифузна дејност на: дел на приход на Републиката (41%) и дел на приход на Управата за телекомуникации (59%), иако средствата од концесија се целосен приход на Буџетот на РМ. Управата за телекомуникации во период од јануари 2002 заклучно со 31.12.2004 година преку сметките отворени во Централниот депозитар за хартии од вредност извршила наплата на својот дел од концесијата со обврзници од старо девизно штедење во вредност од 386.914,64 еур и обврзници од денационализација во вредност од 400.653 еур, но истите сеуште не се ефектуирани во парични средства, ниту се предадени во Министерството за финансии заради бришење од евиденција во Централниот депозитар за хартии од вредност. Имајќи го предвид фактот дека Управата за телекомуникации од јуни 2005 година се трансформира во независно регулаторно тело - Агенција за електронски комуникации како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања, се налага потребата од конечно утврдување на третманот на овие обврзници.

11.4.4. Во врска со наодот во претходната точка ревизијата има обврска да истакне дека во 2005 година, по извршената трансформација на Управата во Агенција за електронски комуникации, изготвени се каматни листи за пресметана камата за ненавремено плаќање на надоместокот на делот од концесија 59% што се уплатува на сметка на Управата, за концесиска година 2003-2004 година за период од денот на обврската до денот на плаќањето, во вкупен износ од 1.308 илјади денари. Каматата во најголем дел се однесува на 2003 и 2004 година, а за наплата на истата посочена е сметката на Агенцијата отворена во Тутунска банка. Исто така, во 2005 година Управата поднела предлози за извршување од 9.06.2005 година против должниците ТРД до Основниот суд Скопје 1, кои што не ги платиле обврските за делот од концесија 59% по фактури од 2003 и 2004 година во вкупен главен долг од 2.620 илјади денари и обврска за камата до денот на исплата, на трезорската сметка на Управата. Ваквата состојба има за ефект неосновано остварување на приход во Управата, односно Агенцијата.

**Препораки и мерки:**

1. Во Управата односно Агенцијата да се формира комисија за утврдување на причините за непотврдување на искажаната состојба на побарувањата од страна на купувачите и да подготви извештај за фактичката состојба при што за евентуално утврдените разлики да се корегира сметководствената вредност на истата.
2. Одговорните лица во Управата односно Агенцијата да ги следат активностите на надлежните органи во врска со преземањето соодветни мерки за исплатените средства преку Министерството за транспорт и врски во Експорт Импорт банка и истите да настојува да ги врати преку законски процедури и надлежни институции.
3. Министерството за финансии да даде писмено толкување за третманот и начинот на понатамошна постапка на обврзниците со кои располага Управата односно Агенцијата.
4. Примените средства за наплатени камати по основ на ненавремено платени концесии да се уплатуваат директно на уплатна сметка за јавни приходи 840-6441 во Буџетот на РМ.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки, за средствата од Буџетот на РМ, ревизијата утврди случаи на незаконско и ненаменско користење на средствата во вкупен износ од 1.462 илјади денари кај следните ставки:
    - за нето основни плати и наемнини 299 илјади денари;
    - за комунални услуги 43 илјади денари;
    - за затоплување 39 илјади денари;
    - за комуникација и транспорт 144 илјади денари;
    - за договорни услуги 937 илјади денари.
- Извршени исплати за прекувремена работа во износ од 417 илјади денари спротивно на условите и критериумите утврдени во Законот за државни службеници според кој државниот службеник има право на додаток на плата ако работел подолго од полното работно време по налог на непосредно претпоставениот државен службеник. Исплатите не се поткрепени со точна персонална евиденција за обемот на прекувремената работа.
- Неосновани расходи во износ од 169 илјади денари за осигурување на вработените во Управата во текот на 24 часа од последици на несреќен случај-незгода за период од 01.07.2004-01.07.2005 година (150,00 ден./вработен месечно) од причина што, спротивно на одредбите на Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, не се утврдени работните места на кои постои зголемена опасност од повреди и заболувања.
- Неосновани расходи во износ од 703 илјади денари, исплатени како парична награда на сите вработени во Управата, од причина што истата е спротивна на одредбите од Законот за државни службеници, поради одложената примена на одредбите од чл 61 кои се однесуваат на право на државниот службеник на парична награда и претставува незаконска исплата на средства. Средствата се исплатени од ставката 426716 – други стручни услуги. На овој начин всушност се зголемува масата за плати преку сметководствено пренасочување на ставката 426-Договорни услуги.
- Извршена исплата на средства на 27.12.2004 година во износ од 285 илјади денари на Неоком АД Скопје по профактура и договор за набавка на оригинални тонери од ноември 2004 година, за која не е извршена набавка во 2004 година.
- Ревизијата не можеше да ја потврди објективноста на направените расходи за адвокатски услуги во износ од 121 илјада денари за решавање на работни спорови, од причина што Управата има вработено соодветни лица во Одделението за правни работи кои според описот на работните задачи се одговорни за работи за кои е ангажиран адвокат и поради непрезентирани докази за стварно извршени работи од ангажираниот адвокат.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Управата односно Агенцијата да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет на субјектот.
2. Исплатите за прекувремена работа да бидат поткрепени со точна персонална евиденција за обемот на прекувремената работа.

3. Управата односно Агенцијата да воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат, односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средства.
4. Ревизијата смета дека кадровската екипираност на правниот сектор е доволна за извршување на предвидените работни задачи и не постои основа за дополнителни расходи по основ на адвокатски услуги.

11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Исплати на средства за набавка на опрема, материјали, резервни делови и ситен инвентар и користење на услуги од повеќе добавувачи, дадени во прилог бр 1 од овој извештај, во вкупен износ од 1.379 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка спротивно на Законот за јавни набавки.
- Извршена е набавка – изградба на антенски челичен столб (објект Молика) во износ од 352 илјади денари при што набавката е делена на два дела спротивно на член 9 од Законот за јавни набавки. Имено, спроведени се постапки од мала вредност наместо да се спроведе постапка од отворен повик со можност за делива набавка.
- Извршени се набавки на опрема (антени за мониторинг) и изградба на антенски челичен столб при што Управата, спротивно на Законот за јавни набавки, платила аванс поголем од 20% од вредноста на договорите со што незаконски исплатила повеќе средства за 220 илјади денари.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Управата односно Агенцијата да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на Управата односно Агенцијата со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1. до 11.2.4; 11.3.1. до 11.3.9; 11.4.1. и 11.4.4. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Управата за телекомуникации, под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.5. кај Управата за телекомуникации, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.
14. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на Управата за телекомуникации по претходниот ревизорски извештај за 2003 година не се преземени препораките и мерките за отстранување на констатираните неправилности.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Управата за телекомуникации односно Агенцијата за електронски комуникации во текот на ревизијата

15.1. По завршување на ревизијата Управата, односно Агенцијата изврши корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2005 година по


ул: "Маршал Тито" - 12/3
Палата Македонија - Скопје
тел:3211-262, факс:3126-311

дадени исправки од страна на ревизијата кои имаат за ефект зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2004 година за 56.757 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење бр. 9/999 од 30.11.2005 година.

16. На 21.10.2005 година извршена е ИТ ревизија кај Агенцијата за електронски комуникации со цел на утврдување на организационата поставеност, анализа на состојбите, процесите и политиките, како и одредување на поврзаните ризици со финансиските извештаи, при што се утврди следното:
    - Агенцијата нема донесени политики за лозинки, пристап кон интернет и back up на податоците. На компјутерите се инсталирани нелиценцирани копии на антивирусни програми. Back up на податоците се прави локално според потребите на корисниците или по лично наоѓање на членовите на одделението за информатика. Податоците се чуваат на оптички медиуми. Компјутерите не се приклучени на уреди за непрекинато напојување, при што е зголемен ризикот од губење на податоците.
    - Програмата за сметководство е изработена и одржувана од фирмата „ZONEL“ од Скопје, а апликацијата е во Delfi. При внесување на податоците не постои запис во базата на налозите за следење на манипулацијата со податоците – внесување, корекција или бришење на налозите со регистрирање на системскиот датум и време за направените измени.

**Препораки и мерки:**

1. Менаџерите на Агенцијата да преземат активности во рамките на финансиските можности за набавка на лиценциран софтвер за сите компјутери и негово централно ажурирање. Централен back up на сите важни податоци и набавка на UPS уреди за сите клучни работни станици, чие работење и генерирање на податоци е од исклучително значење.
2. Ризикот за валидноста на финансиските извештаи е голем. Потребно е воведување на заштитен механизам од злоупотреба на базата на податоците, како и воведување на дневник на извршени корекции во евидентираните налози по претходно добиена согласност од надлежното или одговорното лице.

**Скопје, 25.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

___________________

**Управа за телекомуникации**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | **3.1.** | 97,689 | 77,288 |
| Капитални приходи | **3.2.** | 0 | 167 |
| **Вкупно приходи** | | **97,689** | **77,455** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.3.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 26,326 | 25,437 |
| Стоки и други услуги | 3.3.2. | 20,163 | 20,137 |
| Тековни трансфери | 3.3.3. | 66 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **46,555** | **45,574** |
| **Капитални расходи** | **3.4.** | | |
| Купување на капитални средства | 3.4.1. | 2,113 | 2,872 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,113** | **2,872** |
| **Вкупно расходи** | | **48,668** | **48,446** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.5.** | **49,021** | **29,009** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **3.6.** | 7,101 | 4,321 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **41,920** | **24,688** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Управа за телекомуникации**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 81,928 | 38,392 |
| Хартии од вредност | 4.1.2. | 48,286 | 35,275 |
| Побарувања | 4.1.3. | 327,175 | 33,098 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.4. | 50,000 | 12 |
| Побарувања од вработените | 4.1.5. | 50 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.6 | 0 | 153 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.7. | 4,768 | 3,073 |
| **Вкупно тековни средства** | | **512,207** | **110,003** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 225,013 | 272,378 |
| Материјални средства во подготовка | | 0 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **225,013** | **272,378** |
| **Вкупна актива** | | **737,220** | **382,381** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,697 | 1,909 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 1,105 | 204 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 2 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 0 | 55 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.5. | 3,055 | 1,068 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.6. | 1,981 | 1,916 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.7. | 453,602 | 62,550 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **461,442** | **67,702** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 273,299 | 310,501 |
| Ревалоризациона резерва | 4.4.2. | 0 | 1,699 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **273,299** | **312,200** |
| **Извори на други средства** | **4.5.** | **2,479** | **2,479** |
| **Вкупна пасива** | | **737,220** | **382,381** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **310,501** | **-** | **310,501** |
| **Зголемување по основ на:** | **10,466** | **48,307** | **58,773** |
| Набавки | 2,113 | 21 | **2,134** |
| Неевидентирани набавки од претх год | 1,271 | | **1,271** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1,699 | | **1,699** |
| Неправилно пресметана амортизација | 5,383 | | |
| Други хартии од вредност | | 48,286 | **48,286** |
| **Намалување по основ на:** | **95,954** | **21** | **95,975** |
| Отпис на капитални средства | | **21** | **21** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 55,643 | | **55,643** |
| Неправилно книжена амортизација | 39,822 | | |
| Расходување | 489 | | **489** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **225,013** | **48,286** | **273,299** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***
***Бр. 1103-146/9***
***07.03.2006 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Управата за телекомуникации за 2004 година бр. 02-502/2 од 27.02.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

## ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 4 (страна 1), 11.1.1, 11.1.2, 11.1.3, 11.1.4, 11.1.5, 11.1.6, 11.2.1, 11.2.2, 11.2.3, 11.2.4, 11.3.1, 11.3.3, 11.3.4, 11.3.5, 11.3.6, 11.3.7, 11.3.8, 11.3.9, 11.4.1, 11.4.2, 11.4.4, 11.5.1 ал. 1, 2, 3, 5 и 6 и 11.5.2 ал. 1 и 2 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Управата за телекомуникации за 2004 година **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Управата за телекомуникации за 2004 година поднесен е приговор бр. 02-502/2 од 27.02.2006 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. Приговорот на точка 4 (страна 1) од Конечниот извештај, а кој се однесува на лицето кое го застапува субјектот и е одговорно лице на финансиските извештаи за периодот на ревизија и во времето на вршењето на ревизија, **не се прифаќа**, од причина што наодите кои се утврдени за претходниот период имаат влијание на искажаните билансни позиции за годината што е предмет на ревизија и за кои одговорното лице на Управата за телекомуникации било должно да преземе соодветни постапки за реално прикажување на истите во финансиските извештаи за 2004 година, како и за надминување на истите.

2. Приговорот на наодот во точка 11.1.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неусогласеност помеѓу Законот за телекомуникации, и врз основа на него донесениот Правилник за висината на надоместокот за технички прегледи на радиостаници, инсталации и мрежа, во однос на Законот за буџетите и донесеното Упатство за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, **не се прифаќа**, поради создадена колизија помеѓу наведените законски прописи и подзаконски акти во врска со определувањето на надлежноста на субјектот за прибирање на приходот од надоместот за технички преглед на радиостаници. Имено, според Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи овој вид приход е предвиден во Буџетот на РМ и се уплатува на уплатна сметка 840-6121,

надомест на технички преглед на радиостаници со приходна шифра 724137, а според Правилникот за висината на надоместокот за технички прегледи на радиостаници, инсталации и мерења е приход на Управата за телекомуникации. Поради ваквата неусогласеност на наведените акти ревизијата дава препораки истатата да биде отстранета.

3. Приговорот на наодот во точка 11.1.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на недавање на предлог од страна на Управата за телекомуникации до министерот за транспорт и врски за донесување на соодветен акт од страна на Владата (одлука за број на бодови) за пресметување и наплата на надоместок за технички преглед за радиостаници, **не се прифаќа**, од причина што согласно измените во Законот за телекомуникации во Сл в 37/94 од јуни 2004 година, членот 46 ст 3 се брише, а се воведува нов чл 70 г во кој е наведено дека надоместокот за технички преглед се плаќа на Управата, висината е изразена во бодови, а се утврдува врз основа на критериуми за вид, радиофревенциски посег, моќноста на радиостаницата и ангажираните технички средства, а бројот на бодовите по одделни критериуми за пресметување на надоместоци ги утврдува Владата на РМ. До завршувањето на ревизијата Владата на РМ не донела Одлука за бројот на бодови според критериумите за пресметување на надоместокот за технички преглед, а Управата пресметувала по стариот Правилник кој со бришењето на чл 46 ст 3 од 22 јуни 2004 год престанува да важи, што значи дека неосновано е остварен приход по законски прописи кои не важат.

4. Приговорот на наодот во точка 11.1.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непревземање на активност и не давање на предлог од страна на Управата за телекомуникации до министерот за транспорт и врски за донесување на прописи потребни за применување на Законот за телекомуникации, кои се однесуваат на пресметување и наплата на надоместок за надзор на кабелска радио-телевизиска мрежа (1 евро по кориснички приклучок), **не се прифаќа**, од причина што членот 17 ст 2 ал 4 од Законот за телекомуникации, наведен во приговорот на извештајот, а кој е укинат со Одлука на Уставен суд, се однесува на Министерството за транспорт и врски, а не на Управата за телекомуникации. Обврската на Управата за давање предлог на министерот за транспорт и врски постои и е предвидена во членот 18 од Законот за телекомуникации, и пред и после измените во јуни 2004 година.

5. Приговорот на наодот во точка 11.1.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на недонесување на решение за одредување на лице - одговорен сметководител и необезбедена одговорност за финансиските извештаи на Управата за 2004 година поради потпишано лице без овластување на директорот, на кое во опис и попис на работни задачи не стои изготвување на годишната сметка, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не е даден доказ за измена на наодот кој е утврден согласно чл 16 ст (1) од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

6. Приговорот на наодот во точка 11.1.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на недонесување на решенија за одредување на лице - благајник и необезбедена одговорност во располагањето со готовите пари, **не се прифаќа**, од причина што образложението во приговорот не дава доказ дека задолжувањето на лицето кое располага со готовината е врз основа на соодветен акт (решение) од страна на директорот.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

7. Приговорот на наодот во точка 11.1.6. од Конечниот извештај, а кој се однесува на склучен договор со физичко лице за извршување на сметководствените работи, без да обезбеди одговорност од соодветно стручно лице (овластена стручна организација) за внесувањето и искажувањето на податоците во деловните книги и финансиските извештаи, **не се прифаќа**, од причина што Управата има вработено лице со опис и попис на работни задачи кои ги исполнуваат условите на одговорност за извршување на сметководствени работи, но само од формален аспект, но не и суштински, бидејќи истото не ги изготвува и потпишува финансиските извештаи. Тоа го прави надворешно ангажирано лице со што неоправдано се зголемуваат трошоците на субјектот.

8. Приговорот на наодот во точка 11.2.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неводење на задолжителните помошни книги: книга (попис) на капиталниот имот – опрема и книга (попис) на ситниот инвентар со материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите, **не се прифаќа**, од причина што наведената аналитичка евиденција на која се повикува субјектот не ги обезбедува потребните податоци кои ги содржат задолжителните помошни книги (вид, количина, набавна вредност, исправка на вредност на основните средства, и податоци за ситниот инвентар).

9. Приговорот на наодот во точка 11.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на необезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, **не се прифаќа**, од причина што нема доказ дека лицата кои се наведени во приговорот ја вршеле сметководствената контрола (со параф и потпис), ниту пак истите имаат писмено овластување од директорот за вршење на оваа контрола.

10. Приговорот на наодот во точка 11.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неусогласеност помеѓу паричните средства и вкупниот нето вишок на приходи (добивка) поради непримenето сметководствено начело на парично искажување кај буџетските корисници, **не се прифаќа**, од причина што образложението дадено во приговорот е несоодветно на утврдениот наод поради што истиот не се менува.

11. Приговорот на наодот во точка 11.2.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неводење на сметководствена евиденција за побарувањата во странска валута (евра) согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници по основ на надоместокот за концесија за вршење на радиодифузна дејност од ТРД, **не се прифаќа**, од причина што водењето на помошната (рачна) евиденција на побарувањата во странска валута која не е усогласена со аналитичката евиденција во деловните книги не влијае на промена на наодот.

12. Приговорот на наодот во точка 11.3.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на средства кои не се вложени во Буџетот на РМ на уплатна сметка 840-6116 – приходи од органи на управата, по основ на вишок на средства во износ од 41.920 илјади денари остварен по покривање на трошоците за работењето на Управата за телекомуникации, **не се прифаќа**, од причина што обврската за уплата на вишокот на средствата на Управата по покривање на трошоците за работење да се вложат во Буџетот на Републиката е согласно член 18 од Законот за телекомуникации, а образложението дадено во приговорот согласно Законот за буџетите е несоодветно на утврдениот наод поради што истиот не се менува.
13. Приговорот на наодот во точка 11.3.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неисполнување на обврската на Управата за телекомуникации за: прегледување на доставените извештаи (евиденции) од концесионерите: АД

Македонски телекомуникации, Скопје, АД Мобимак, Скопје и АД Космофон, Скопје, спроведување на постапка и превземање на мерки во случај на дадено негативно мислење за неисполнување на целите определени со договорот за концесија, **не се прифаќа**, поради следното:

- Задолжителната обврска за Управата за телекомуникации да утврдува, на годишно ниво, дали концесионерот ги исполнил развојните цели и целите на квалитет на услугата наведени во прилог А и Б од договорот, произлегува од одредбите во склучените договори за концесија помеѓу Министерството за транспорт и врски и концесионерот, во делот за пенали, како и од одредбите во Законот за телекомуникации, во кој Управата за телекомуникации како државен орган во состав на Министерството за транспорт и врски, има обврска да се грижи за спроведување на постапки за утврдување на усогласеноста на работењето на телекомуникациските оператори со договорите за концесија. Постапката која е дадена од ревизијата е врз основа на веќе спроведена постапка од страна на Управата за телекомуникации во 2003 година според која е формирана работна група за разгледување на извештаите од концесионерите во однос на исполнување на обврските. Доколку е донесено негативно мислење, директорот донесува одлука со изготвување на фактура за задолжување на концесионерот со пенали.
- Образложението во Приговорот кое е дадено за незадолжувањето на АД Македонски телекомуникации со пенали, и покрај даденото негативно мислење за извештајот за 2002 година, не се прифаќа, од причина што директорот на Управата не донел никаков документ за ослободување од обврската на концесионерот за плаќање на пенали, ниту пак истиот го задолжил со пенали.
- Во случајот со АД Космофон Скопје, за неподнесување на тужба до надлежен орган за наплата на побарувањето по издадена фактура за пенали, во износ од 500 илјади денари, приговорот не се прифаќа од причина што управниот спор пред Врховниот суд за кој не е доставен ниту документ за потврда на истото, не ја ослободува Управата за непостапување согласно Законот за облигациони односи.

14. Приговорот на наодот во точка 11.3.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неосновано пресметан и наплатен приход од надоместок за технички преглед за радиостаници во износ од 3.286 илјади денари, поради укинување на законските одредби со кои бил регулиран ваквиот надоместок, **не се прифаќа**, од причина што во образложението на приговорот е наведена Одлуката на Уставен суд во ноември 2002 година, врз основа на која не е утврден наодот, односно се работи за приход од надоместок регулиран во чл 46 ст 3, а кој со измените и дополнувањата на Законот за телекомуникации е укинат, поради што не се применува и Правилникот за висината на надоместокот за технички прегледи на радиостаници, инсталации и мрежа, донесен врз основа на укинатиот член од Законот.

15. Приговорот на наодот во точка 11.3.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неосновано пресметан и наплатен приход во 2004 година во износ од 115 илјади денари, по издадени авансни фактури за повеќе субјекти за годишен надоместок за користење на радиофреквенции за 2003 година, пресметан според Правилникот за висината на надоместокот за користење на радиофреквенции, кој е укинат со Одлука на Уставен суд во ноември 2002 година, **не се прифаќа**, поради неоснованост на наплатениот и евидентиран приход.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

16. Приговорот на наодот во точка 11.3.6. од Конечниот извештај, а кој се однесува на помалку пресметан и наплатен приход на државата за 2004 година во износ од 151.090 илјади денари поради неосновано сторнирани побарувања од АД Мобимак и АД Космофон евидентирани во деловните книги за 2004 година, врз основа на нови фактури за годишен надоместок за користење на радиофреквенции за истата година, од 20.06.2005 година, при што во пресметките применети се новите намалени бодови дадени во измените на Одлуката за бројот на бодови за радиофреквенции, со важност од 8 јуни 2005 година, **не се прифаќа**, од причина што образложението од субјектот како причина за преземената активност е несоодветна и спротивна на законските прописи, како и поради неможноста за ретроактивно применување на донесената Одлука од Владата на РМ.

17. Приговорот на наодот во точка 11.3.7. и 11.3.8. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непресметување на годишен надоместок за користење на радиофреквенции за комерцијалните радиостаници и годишен надоместок за користење на радиофреквенции за линковска врска на трговските радиодифузни друштва кои вршат радиодифузна дејност за 2004 година, **не се прифаќа**, од причина што во Одлуката за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, а во врска со член 70 а од измените на Законот за телекомуникациите, објавен во Сл весник 73/2004 година, не ги ослободуваат од обврска за плаќање на надоместоци наведените субјекти, туку напротив ги задолжува, поради тоа што овие надоместоци се издвоени и не влегуваат во надоместокот за вршење на радиодифузна дејност.

18. Приговорот на наодот во точка 11.3.9. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неостварен приход од надоместок за користење на линковска врска во кабловската мрежа поради неизвршена проверка и неутврдување кои концесионери – оператори на кабелска мрежа користат линковска врска во кабловската мрежа спротивно на измените на Законот за телекомуникации и Одлуката за бројот на бодови за радиофреквенции, **не се прифаќа**, поради недоставување на доказ дека Управата извршила проверка и констатирала дека ниеден оператор на кабелска мрежа не користи линковска врска. Ваквата состојба упатува на невоспоставен систем на интерни контроли за остварување на предвидените приходи согласно Законот за телекомуникации.

19. Приговорот на наодот во точка 11.4.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непотврдување на вистинската состојба на побарувањата на 31.12.2004 година поради нискиот процент (0,25%) на усогласување на книговодствената состојба со состојбата кај должниците, применувајќи ја алтернативната метода на усогласување по пат на конфирмирање, **не се прифаќа**, поради несоодветно образложение од страна на субјектот и погрешно даден заклучок за наодот.

20. Приговорот на наодот во точка 11.4.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неевидентирано побарување од Експорт Импорт банка по основ на исплатени средства во износ од 50.000 илјади денари и непревземени мерки за наплата на истото, **не се прифаќа**, од причина што во образложението не се оспорува наодот туку се префрла одговорноста на други лица во 2001 година. Ревизијата неможе да го прифати истото од причина што наодите кои се утврдени за претходниот период имаат влијание на искажаните билансни позиции за годината што е предмет на ревизија и за кои одговорното лице на Управата за телекомуникации било должно да преземе соодветни постапки за реално прикажување на истите во финансиските извештаи за 2004 година, како и за надминување на истите.

21. Приговорот на наодот во точка 11.4.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неосновано пресметан приход од камата за ненавремено плаќање на надоместокот на делот од концесија 59% што се уплатува на сметка на Управата за телекомуникации, наместо оваа камата да се уплатува на уплатна сметка за јавни приходи во Буџетот на РМ, **не се прифаќа**, од причина што приходот на кој се пресметува камата согласно Законот за концесии е приход на државата, утврдено во точка 11.4.3. од Конечниот извештај.

22. Приговорот на наодот во точка 11.5.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи, по одделни алинеи, не се прифаќаат, поради следното:
    - Приговорот на наодот во точка 11.5.1 ал. 1, **не се прифаќа**, поради тоа што субјектот нема доставено докази за промена на наодот што се однесува на незаконското и ненаменското користење на средства утврдено врз основа на извршена споредба на одобрени средства од Буџетот на РМ и потрошените средства по ставки. Ревизијата утврдени случаи во кои средствата подигнати од една ставка се користат за друга, спротивно на Законот за извршување на Буџетот за 2004 година, при што извршена е пренамена на средства од други расходни ставки за исплата на нето основни плати и наемнини, без добиена согласност од Министерството за финансии.
    - Приговорот на наодот во точка 11.5.1 ал. 2 за извршени исплати за прекувремена работа во износ од 417 илјади денари спротивно на условите и критериумите утврдени во Законот за државни службеници, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се доставени нови докази за промена на наодот. Издадените решенија од директорот на вработените кои се изготвени за сите месеци во 2004 година на вработените по број на часови не се поткрепени со точна персонална евиденција за обемот на прекувремената работа на секој вработен потврдена од непосреден раководител.

    - Приговорот на наодот во точка 11.5.1 ал. 3 за исплатени средства во износ од 169 илјади денари за осигурување на вработените во Управата во текот на 24 часа од последици на несреќен случај-незгода за период од 01.07.2004-01.07.2005 година (150,00 ден./вработен месечно), **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се доставени нови докази за оспорување на наодот.
    - Приговорот на наодот во точка 11.5.1 ал. 5 за исплатени средства на 27.12.2004 година во износ од 285 илјади денари на Неоком АД Скопје по профактура и договор за набавка на оригинални тонери од ноември 2004 година, за која не е извршена набавка во 2004 година, **не се прифаќа**, од причина што образложението на субјектот дека истиот морал да ги исплати средствата до 25.12.2004 година согласно потврдата на Министерството за финансии не го оправдува плаќањето на аванс од 100% што е спротивно на чл 88 од Законот за јавни набавки.
    - Приговорот на наодот во точка 11.5.1 ал. 6 за исплатени средства за адвокатски услуги во износ од 121 илјади денари за решавање на работни спорови, **не се прифаќа**, од причина што исплатата на средствата се врши по договор кој се продолжува секоја година и на ист износ од 110 илјади денари утврден паушално, иако во Управата има вработено соодветни лица во Одделението за правни работи кои според описот на работните задачи се одговорни за работи за кои е ангажиран


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

адвокат. Новиот Закон за парнична постапка, објавен во Сл. весник бр. 79/05, на кој што се повикува субјектот во приговорот, се применува од 21.12.2005 година, и истиот не се однесува за периодот кој е предмет на ревизија. Иако примената на законот не го покрива периодот кој е предмет на ревизијата, во член 81 и 82 од истиот е наведено дека полномошник на странката може да биде адвокат или лице кое со странката е во работен однос, а доколку вредноста на предметот на спорот надминува 1.000 илјади денари, полномошник на правно лице може да биде лице кое е дипломиран правник со положен правосуден испит и кое е во работен однос со правното лице.

23. Приговорот на наодот во точка 11.5.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неприменување на постапките од Законот за јавни набавки, се дава следниот одговор:
    - Приговорот во однос на набавката на пијалоци од Даровија, Скопје во износ од 64 илјади денари, набавка на центрифугална пумпа од МЗТ пумпи, Скопје во износ од 28 илјади денари, набавка на мрежна опрема од Неоком, Скопје, во износ од 89 илјади денари и набавка за извршена услуга – сервисирање на фотокопирни апарати од Вас Биринг, Скопје во износ од 22 илјади денари, односно вкупно 203 илјади денари **е прифатен** по забелешките на Претходниот извештај и за истиот е извршена корекција во Конечниот извештај.
    - Приговорот за неспроведени постапки за јавни набавки од добавувачите: СА – МА ЕХИ, Скопје, Ес принт, Скопје, Семос мултимедија, Скопје, К и К, Скопје, Микеи интернационал, Скопје, Леснина инжинеринг, Скопје, Дата систем, Скопје, Тонимонт, Скопје, Анхоч, Скопје, **не се прифаќаат**, поради недоставени докази кои ќе го променат наодот.
    - Приговорот за набавка на масло за горење – екстра лесно од добавувачот Максигнал, Скопје во износ од 293 илјади денари, **не се прифаќа,** од причина што цената определена со Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата, а донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на РМ, не влијае на промена на наодот, односно Законот за јавни набавки не предвидува исклучок за неприменување на одредбите на истиот за набавка на масло за горење.
    - Приговорот во однос на набавката – изградба на антенски челичен столб (објект Молика), **не се прифаќа**, од причина што за оваа набавка донесени се две решенија од мала вредност, а според Законот за јавни набавки истата требала да се спроведе по пат на отворен повик со можност за делива набавка.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 06.03.2006 година

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**